МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-10/18
Датум: 31 . 12 . 2024 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, на ден _____2024 година, донесе:

# **П Р А В И Л Н И К**
**за измена и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини број 04-10/1 од 05.07.2024 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.02-9/03 од 22.07.2024 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.04-10/9 од 10.9.2024 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.04-10/12 од 16.10.2024 година.

**Член 2**

Во Глава 8. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, работи работното место под реден број 13.УПР0101Б01000 Државен советник за правни работи **бројот на извршители се зголемува од 2 на 3 извршители**.

**Член 3**

Во Глава 8. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, по работното место под реден број 14.УПР0101Б01000 Државен советник за финансиски прашања се додава ново работно место под реден број 14-а. УПР0101Б01000 Државен советник за ИКТ кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 14-а |
| Шифра | УПР0101Б01000 |
| Ниво | Б1 |
| Звање | Државен советник |
| Назив на работно место | Државен советник за ИКТ |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Државниот секретар |
| Вид на образование | Природно -математички науки- компјутерски и информациски науки |
| Други посебни услови | / |


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| Работни цели | Давање совети, насоки и мислења на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар за најсложените прашања од ИКТ проблематиката и обезбедување поддршка во работата на министерството од аспект на активностите од процесот на дигитализација и за ИКТ надлежностите на министерството |
| Работни задачи и обврски | - Подготвува анализи, мислења и истражувања од сложен технички карактер во врска со развојот на информатичкото општество, компаративни, апликативни односно емпириски согледувања за одделни прашања од областа на ИКТ и во функција на развојните политики на министерството;<br>- Го советува министерот, заменик министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи во врска со развојот на ИКТ инфраструктурата за потребите на министерството, како и во областите на енергетиката, рударството и минералните суровини;<br>- Иницира и предлага начелни ставови од областа на дигитализацијата на процесите во областа на енергетика, рударството и минералните суровини;<br>- Дава препораки и координира проекти за имплементација и одржување на информациони системи во министерството;<br>- Дава насоки за проекти за развој на ИКТ и конзистентност на базите на податоци на министерството;<br>- Дава стручни мислења по значајни системски прашања од областа на информатиката, како и нејзината практична примена во министерството;<br>- Учествува во активностите за воведување и имплементацијата на системот на електронска Влада, клауд системите и други слични ИКТ алатки, на ниво на министерството. |

**Член 4**

Во Глава 8. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, во Секторот за обновливи извори на енергија, во Одделението за правни и управни работи во областа на обновливите извори на енергија работното место под реден број 57.УПР0101В04000 Помлад соработник за правни работи и управни работи во областа на обновливите извори на енергија **се брише**.

**Член 5**

Во Глава 8. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, во Секторот за енергетска ефикасност и климатски **ПРОМЕНИ**, во Одделението за енергетски менаџмент работното место под реден број 75.УПР0101В04000 Помлад соработник за енергетски менаџмент **се брише**.

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила по донесувањето врз основа на претходно добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација, а ќе се објави на веб страницата на министерството.

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини

Сања Божиновска

Подготвил: Сања Чамевска
Контролирал: Наташа Радуловска
Одобрил: Горан Јовановски